Врз основа на член 15 и 26 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, согласно чл.14-16 од Законот за Стопанската комора на Македонија (Сл. весник на РМ бр. 89/2004), Собранието на Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 10.06.2010 година донесе

# О д л у к а
## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија

### Член 1

Со оваа Одлука се изменува и дополнува Одлуката за утврдување на здруженијата според дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија бр. 07-256/5, донесена од Собранието на седницата одржана на 28.01.2005 година.

### Член 2

Во член 2 став 2 се менува називот на точка 12 и истата гласи: "Здружение на сообраќајот".

Во член 2 став 2 точка 12 алинеја 8 се брише.

### Член 3

Во член 2 став 2 се менува називот на точка 17 и истата гласи: "Здружение за информатичко-комуникациски технологии".

Во член 2 став 2 точка 12 се додава нова алинеја и гласи:
" – електронски комуникации".

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседавач,

Антони Пешев

Бр. 07-1557/4
10.06.2010 год.
С к о п ј е

Образложение:

Со предложените измени со оваа Одлука, Здружението на сообраќајот и електронските комуникации станува Здружение на сообраќајот, а Здружението на информатичката технологија станува Здружение за информатичко-комуникациски технологии, со соодветно менување на дејноста на Здруженијата, така што компаниите од областа на електронските комуникации (мобилни, фиксни, wi-max и кабелски оператори) се здружуваат во Здружението за информатичко-комуникациски технологии, заедно со компаниите од областа на информатичката технологија (што се занимаваат со продажба на софтвер и хардвер или комапнии на кои им е основна дејност ИКТ-обуки). Оваа измена се врши во согласност со барањата и потребите на фирмите од областа на електронските комуникации, чија дејност е поблиску поврзана со информатичката технологија, отколку со сообраќајот.

Правниот основ за донесување на оваа Одлука е утврден во член 26 од Стаутот, како надлежност на Собранието, по претходно утврдување на текстот на Предлог-одлуката од страна на Управниот одбор, согласно член 19 од Стаутот на Стопанската комора на Македонија.